**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Бр. 1302 – 495/3**
**Скопје, 10 – 07, 2009 година**

**ДО: ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - Секретаријат за европски прашања**

**ОД: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Помошник главен државен ревизор и Овластен државен ревизор**

**Предмет:Ревизија на успешност – евиденции и координација на странска помош кај институциите корисници во Република Македонија**

Ова известување претставува наше мислење по извршена ревизија на успешност која се однесува на оценка за постоење, располагање, размена и употреба на единствени, целосни, вистинити и релевантни податоци за странската помош кај институциите корисници на истата во Република Македонија. Со ревизијата се насочивме кон 5 министерства и Владата на РМ, но секако констатациите и препораките дадени во нашиот извештај се однесуваат и на други институции во Република Македонија кои имаат поврзаност со предметот на ревизијата.

Ревизијата на успешност е активност спроведена со цел да даде оценка за успешноста на функционирање на евиденциите, податоците и информациите за странската помош кај институциите корисници во Република Македонија од аспект на следната цел:

**Дали во ресорните министерства во Република Македонија кои користат средства/услуги по проекти кои се реализираат со средства од странска помош во РМ, постојат единствени, целосни, вистинити и релевантни податоци за истите?**

Со ревизијата дефиниравме повеќе проблематични подрачја од кои произлегоа значајни ризици во областа предмет на ревизија и тоа во следните области:

- Законски одредби поврзани со проектите;
- Евиденција и транспарентност кај проектите;
- Повеќе аспекти на правна и организациона поставеност на институциите корисници на странската помош во РМ;

Нашата ревизија беше насочена кон повеќе откриени ризици кај сите споменати области кои се однесуваа на:

- Проектен циклус;
- Евиденција на проектите;
- Транспарентност на активностите;
- Искористеност;
- Организациона и кадровска поставеност на институциите кои оперираат со проектите.

Нашите препораки во овој извештај се однесуваат на активности кои Владата на РМ преку своите сектори, министерствата како и надлежните институции во низата на координација со странската помош во РМ, треба да ги преземат со цел отстранување/намалување на ефектите од утврдените неправилности, состојби и

наоди во извештајот даден во продолжение, како и создавање на услови за подобрување на целокупната слика кај евиденцијата, целосноста, вистинитоста, ажурирањето и релевантноста на податоците кои се однесуваат на координацијата со странска помош кај институциите корисници во Република Македонија. Препораките се дадени во функција на обезбедување поголем степен на контрола, надзор и организација над аспектите за координација на странската помош во и од нашите институции како корисници со цел поефикасно користење на истата. Согласно одредбите од Законот за државната ревизија, член 23, став 2, по доставен Претходен извештај, од страна на надлежните институции во РМ до Државниот завод за ревизија не се доставени забелешки по Претходен извештај.

Поради тоа веруваме дека спроведената ревизија ни даде основа да го изразиме следното мислење:

Според добиените резултати од спроведената ревизија, стекнавме разумно уверување дека кај 5 – те ресорни министерства и СЕП при Владата на Република Македонија во насока на постоење на единствени, целосни, вистинити и релевантни податоци за проектите кои користат странска помош, состојбите се разликуваат во негативна смисла. Имено, утврдивме дека странската помош во РМ од аспект на аплицирање, подготовка на предлог проекти, добивање, користење, евиденција, мониторинг и известување за ефектите од користењето не е регулирана со форма на законски или подзаконски акти, не постои воедначен пристап од аплицирањето до реализацијата на проектите кое се должи на отсуство на единствени и усогласени процедури кои ќе се имплементираат од страна на институциите корисници на странската помош.
Слична е состојбата и со известувањата од ресорните министерства по однос на степенот на користење на странската помош. Искуствата на овластените лица од институциите кои користат странска помош се мошне воедначени во однос на заклучокот дека не постои единствена, усогласена методологија за управување со проектен циклус поради тоа што секој донатор има свој пристап при доделувањето на помошта иако се добро познати основните компоненти кои треба да ги содржи еден предлог проект пред да биде финансиран од донаторот. Во тој поглед се очекува подобрување на сегашната состојба со воведување на секторските работни групи од донаторите/линиските министерства за усогласување на приоритетите и нивно лоцирање на оперативно ниво (со учество на претставници од министерствата наместо министри во комитетот на министри за координација на странска помош).
Со нашата ревизија утврдивме дека постојат разлики во поглед на податоците и евиденциите за проектите и странската помош со кои располагаат ресорните министерства во однос на истите со кои располага CDAD при Владата на РМ. Разликите се должат на различните невоедначени пристапи кои ги применуваат министерствата за ажурирање и евидентирање на странската помош како и CDAD која евиденција ја формира и надградува по пријава од страна на донаторот. Во делот на транспарентност на активностите поврзани со отпочнување и користење на странската помош, резултатите од нашата ревизија покажаа дека кај дел од министерствата неинформираноста за постоење на странски проекти во рамки на секторите е значајна, одговорните лица по сектори не поседуваат соодветни информации со цел разграничување на проекти од странска помош, поради воспоставената пракса и процедура, документацијата да се потпишува исклучиво од министерот, присутни се случаи на одложување и одолговлекување на реализација на проектите. Во најчест случај се издаваат писмени известувања за определување на одговорни лица на проекти потпишани од страна на министерот на ресорното министерство со кои за одговорни лица се поставуваат раководителите на сектори во министерствата и лица кои претходно биле ангажирани во имплементација на проекти. Писмените известувања или информации немаат утврдена форма и не содржат критериуми за избор на одговорни лица за реализација на проекти. Воспоставената пракса на определување на одговорни лица само со известување од министерот, без посочување дека се применети утврдените критериуми од договорите, ги доведува во прашање

начинот на предлагање, управување, следење, реализација и статус на целокупниот проектен циклус во министерствата од отпочнување до нивна реализација.

Во поглед на воспоставените релации помеѓу СЕП и ресорните министерства, начинот на меѓусебно известување, размена на информации за користење на странска помош, извештаи и други форми на соработка, кај министерствата соработката не е определена со акт или некоја пишана форма, истата се сведува на парцијални барања од СЕП само по основ на помошта од одделни донатори, СЕП не бара целосна евиденција на странска помош која се однесува на министерствата како и нејзината имплементација, како координатор на странската помош се јавува само СЕП, а ресорните министерства се во улога на поддршка на донаторските состаноци на национално ниво и учествуваат во утврдувањето на области каде има потреба од странска помош, иако постојат дневни контакти со СЕП. Сегашната ситуација е оставена на волјата на донаторот. Од оваа состојба произлегува и прашањето за потребата и обврската за изготвување на информација или извештај за степенот на реализација на странската помош во РМ по ресорни министерства и на национално ниво, кој би бил споредлив со податоците добиени од донаторите. Тековно во СЕП се изработува преглед за странската помош, но со податоци чиј извор се самите донатори, за потреби на Владата и јавноста на РМ без при тоа да се врши споредба со податоците и информациите со кои располагаат ресорните министерства. На барање на ревизијата до сите 5 ресорни министерства за доставување на извештаи од спроведен мониторинг и евалуација над имплементацијата на проектите, беше укажано дека истите не се изготвуваат односно праксата се разликува.

За оценка на степенот на искористеност на средствата од странска помош при спроведување на ревизијата постоеја неколку ограничувања кои главно се однесуваа на различните извори на податоци со кои располагаат ресорните министерства и нивното ажурирање во однос на информациите со кои располага CDAD, разликите во целите и описите на проектите кај ресорните министерства и CDAD, валутите во кои се водат, класификација на проектите по области, а кое ја ограничи споредливоста помеѓу двата извора на информации. Ова прашање поради обемноста и ризиците може да биде предмет на друга ревизија на успешност.

Со ревизијата утврдивме дека кај повеќе министерства е присутна недоволна кадровска екипираност на секторите/одделенијата во министерствата надлежни за координација на странска помош во РМ, односно од проектираниот број на лица, тековната пополнетост се движи во опсегот од 15% до 50% во однос на проектираните потреби за активностите. Оваа состојба овозможува различни решенија во праксата на министерствата во поставување и организација на внатрешната структура по сектори, одделенија кои ја координираат странската помош во институциите и во значителен дел влијае на опишаните состојби за постоење на единствени, целосни, вистинити и релевантни податоци за странската помош во институциите на РМ.

**Помошник главен државен ревизор**

**Скопје, 07.07.2009 година**

**Овластен државен ревизор**